СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# *ЕУ ВЕСТИ*

***ЕУ ЦЕНТАР***
***јули 2025 година***
***ЕУЦ-број 104/2025***

## ДАНСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕУ 2025

На 1 јули 2025 година Данска го започна шестмесечното претседателство со Советот на Европската Унија, кое ќе трае до крајот на годината. Мотото на данското претседателство е: *„Силна Европа во светот што се менува“.* Данска последен пат го презеде претседателството со ЕУ во 2012 година во рамките на тројното претседателството со Полска и Кипар.

Данското претседателство ќе работи на силна и решителна Европска Унија која презема одговорност за сопствената безбедност и зајакнување на конкурентноста.

Претседателството ќе биде посветено на **два главни приоритета: безбедна Европа и конкурентна зелена Европа.**

***Безбедна Европа*** - претседателството ќе работи на трансформација на ЕУ во стабилен и одговорен геополитички актер. Целта е ЕУ до 2030 година да биде способна за самостојна одбрана преку развој на европската одбранбена индустрија, намалување на зависноста од трети актери и критични капацитети и цврста политичка, економска и воена поддршка за Украина.

Данското претседателство амбициозно ќе работи на промовирање на **проширувањето на Унијата** врз основа на заслуги и ќе ја подготви ЕУ за проширување преку внатрешни реформи, кои имаат за цел да се осигури дека ЕУ е во можност да дејствува независно и решително во денешната геополитичка состојба и да ги следи политичките цели утврдени во стратешката агенда на Европскиот совет.

Данското претседателство ќе работи на унапредување на преговорите за проширување со Украина, Молдавија и Западен Балкан и ќе го води процесот на проширување преку континуиран политички дијалог, согласно со Копенхашките критериуми и пристапување базирано на заслуги.

***Конкурентна и зелена Европа*** - претседателство ќе работи на финансиски одговорен буџет на ЕУ што ќе обезбеди фокусиран, едноставен и ефикасен одговор на стратешките предизвици на Унијата. Претседателството ќе даде свој придонес во зајакнување на единствениот пазар, поттикнување на иновациите и развој на Унијата за штедење и инвестиции, за зголемување на понудата на ризичен капитал и мобилизирање приватни инвестиции, со што ќе се помогне во поддршката на европските економии.

Претседателството ќе работи на постигнување договор за климатската цел до 2040 година и исполнување на обврската за климатска неутралност до 2050 година. Новите технологии - биотехнологијата и биобазираните решенија имаат голем развоен потенцијал, можат да креираат нови можности за приходи и да ја поддржат зелената транзиција и, во оваа насока, претседателството ќе даде приоритет на политичките дискусии за претстојната стратегија на ЕУ за биоекономија. Данското претседателство ќе работи на зајакнување на климатската дипломатија на ЕУ, меѓународните партнерства и соработката за климатските прашања.

Повеќе информации на: https://danish-presidency.consilium

### Содржина на вести:


| | |
|---|---|
| Данско претседателство со Советот на ЕУ 2025 | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Извештај на ЕП за Северна Македонија | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Предлог за долгорочен буџет на ЕУ | 6 |
| Усогласување на ETIAS регулативата на ЕУ | 6 |
| Измени на GDPR регулативата на ЕУ | 7 |
| Обука за истражители и обвинители од Западен Балкан | 7 |
| Извештај за владеење на правото во ЕУ | 8 |
| Настан за озбележување на почетокот на Данското Претседателство со Советот на ЕУ | 8 |
| 20 години EUROPASS | 9 |
| Проекти за производство на батерии за елекрични возила | 9 |
| Справување со миграцијата и ефикасна контрола | 10 |
| Нови правила во автомобилскиот сектор во ЕУ | 10 |
| Што прават европејците со старите уреди | 11 |
| ЕУ календар / септември 2025 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

***Пленарна сесија 7-10 јули 2025 година***

На почетокот на јулската сесија на ЕП беше оддадена почит на жртвите од геноцидот во Сребреница. Претседателката на ЕП, Роберта Мецола, објави барање од групата Зелени/ЕФА за примена на итна постапка според Правило 170 (5) од Деловникот на Парламентот за ревизија на Европскиот закон за клима.

Европарламентот со 531 глас усвои извештај, со кој се потврдува дека Бугарија ги исполнува критериумите за усвојување на еврото на 1 јануари 2026 година. По потврдата од земјите членки на ЕУ, Бугарија ќе стане 21. членка на еврозоната. Најновата земја што се приклучи беше Хрватска во 2023 година.

Новиот закон, одобрен со 542 гласа, има за цел да се справи со шпекулациите на пазарот на гас и да ги намали цените преку воведување поголема флексибилност во правилата за полнење на складиштата со гас. Регулативата, веќе договорена меѓу европратениците и Советот на ЕУ, ќе ја продолжи шемата за складирање гас на ЕУ од 2022 година до 31 декември 2027 година. Во спротивно, би истекла на крајот од 2025 година. Одредбата е дизајнирана да обезбеди сигурност во снабдувањето со гас пред зимската сезона.

Данската премиерка, Мете Фредериксен, пред европратениците ги изложи целите на Данска за нејзиното шестмесечно претседателство со Советот на ЕУ и стратегијата: „Силна Европа во светот што се менува“. Таа истакна дека Европа мора да преземе одговорност за сопствената безбедност со повеќе инвестиции и зајакнување на својата одбранбена индустрија. Следниот долгорочен буџет на ЕУ треба да биде пофлексибилен, поедноставен, подобро опремен за справување со непредвидени настани и пофокусиран на политичките приоритети на ЕУ, истакна Фредериксен.

Европратениците со 643 гласови го одобрија предлогот на Комисијата за обезбедување финансиска помош за Австрија, Полска, Чешка, Словачка, Молдавија и Босна и Херцеговина за справување со последиците од силните поплави во септември и октомври 2024 година. Тие истакнаа дека Европската комисија треба значително да го прошири буџетот на EUSF или неговиот еквивалент во својот претстоен предлог за новиот долгорочен буџет на ЕУ (MFF). Дополнително, ЕУ треба да продолжи да се справува со адаптацијата и ублажувањето на климатските промени преку поддршка на европските и националните политики за спречување природни катастрофи.

Во извештајот, усвоен со 490 гласа, европратениците истакнаа дека наместените парламентарни избори во октомври 2024 година во Грузија означиле јасна пресвртница кон авторитарна влада во земјата кандидат за ЕУ. Тие повикаа на одржување нови парламентарни избори во Грузија, што ќе се одржат под меѓународен и независен домашен мониторинг. Дополнително, повикаа на итна ревизија на политиката на ЕУ кон Грузија и Европската комисија да го разгледа спроведувањето на Договорот за асоцијација меѓу ЕУ и Грузија.

Во резолуцијата усвоена со 507 гласа европратениците остро ги осудуваат тековните воени злосторства на Русија во Украина, изразувајќи цврста поддршка за истрагите на Меѓународниот кривичен суд. Тие нагласуваат дека Русија сноси единствена одговорност за својата агресивна војна и дека треба да има казнивост за кршење на човековите права, воени злосторства или други кршења на меѓународното право извршени од руските сили и службениците.

Европратениците усвоија три извештаи за Албанија, Босна и Херцеговина и за Северна Македонија, во кои се нагласува итната потреба од реформи поврзани со ЕУ, ефикасно користење на Планот за раст и решителен став против странско мешање.

## НОВА ЕУ РЕГУЛАТИВА ЗА ПОЛИТИЧКА ТРАНСПАРЕНТНОСТ



Европратениците го поздравија новиот Закон за реформи и раст вреден 750 милиони евра, пофалувајќи ја амбициозната агенда на Северна Македонија. Истовремено повикуваат земјата да усвои силен фокус на спроведувањето на реформите, особено во јавната администрација, управувањето, владеењето на правото и антикорупциската политика.

Европарламентот усвои предлози за управување со растечкиот прилив во ЕУ на нестандардна и потенцијално опасна евтина стока од веб-продавници надвор од ЕУ. Извештајот усвоен со 619 гласа идентификува начини за ублажување на притисокот врз царинските и органите за надзор на пазарот кои се борат да проверат и да ја обезбедат сигурноста на 12-те милиони мали е-трговски пакети што пристигнуваат во ЕУ секој ден. Европратениците го поддржуваат укинувањето на сегашното ослободување од царински давачки за стоки во вредност помала од 150 евра во рамките на пошироката реформа на Царинскиот законик, бидејќи приближно 65% од пакетите што влегуваат во ЕУ се намерно потценети.

На пленарната сесија европратениците нагласија дека политиките за кохезија и земјоделство мора да останат силни и различни во долгорочниот буџет (MFF) на ЕУ. За време на дебатата, европратениците побараа од Европската комисија да се фокусира на модернизација и реформи, да обезбеди поедноставување и транспарентност, да ја намали бирократијата и да инсистира на ефикасност и подобро трошење на достапните ресурси.

## ИЗВЕШТАЈ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




На јулската пленарна сесија, на 9 јули 2025 година, Европскиот парламент усвои три извештаја за Албанија, Босна и Херцеговина и за Северна Македонија, во кои се нагласува итната потребата од реформи поврзани со ЕУ, ефикасно користење на Планот за раст и решителен став против странско мешање.

Извештајот за Северна Македонија нагласува дека проширувањето треба да биде процес базиран на заслуги, врз основа на Копенхашките критериуми, и ја повикува државата да ги спроведе потребните реформи, вклучително и уставните измени.

Пратениците го поздравија новиот Закон за реформи и раст од 750 милиони евра. Тие повикаа да се усвои силен фокус на спроведувањето на реформите, особено во јавната администрација, управувањето, владеењето на правото и антикорупциската политика. Забележувајќи ги влошувачките трендови во корупцијата на високо ниво и ниската јавна доверба во судството, тие повикаа на посилна судска независност, поголема одговорност и соодветни ресурси за надзорните тела.

Европарламентот е загрижен што Северна Македонија и другите земји пристапнички кон ЕУ во Западен Балкан се особено тешко погодени од странско мешање и дезинформациски кампањи.

Известувачот Томас Вајц (Зелените, Австрија) истакна: „Денес го усвоивме првиот извештај за Северна Македонија од 2022 година. Како известувач, неуморно работев за добро избалансиран и непристрасен извештај за демократскиот напредок на оваа земја. Северна Македонија беше предводник во регионот, покажувајќи вистинска посветеност на вредностите на ЕУ, вклучително и историска промена на името и смели реформи. Но, нејзиното пристапување е неправедно блокирано предолго поради билатерални спорови, поттикнувајќи силна фрустрација и разочарување од ЕУ. Ги повикувам сите политички партии во Северна Македонија да се вклучат во конструктивен дијалог за да се постигне потребниот консензус, што би го зајакнало мултиетничкиот карактер на земјата и би го забрзал напредокот во ЕУ.“ Извештајот беше усвоен со 461 глас.

https://www.europarl.europa.eu/news

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Африм Гаши, на 17 јули 2025 година оствари средба со пратеникот Тилман Кубан од германскиот Бундестаг, придружуван од директорот на Фондацијата „Конрад Аденауер“ во Скопје, Даниел Браун. На средбата беше потенциран Берлинскиот процес и позитивните резултати во регионални рамки. Гаши искажа благодарност за Резолуцијата на Бундестагот од 2023 година, со која се потврдува поддршката за членството на Северна Македонија во ЕУ и се афирмира македонскиот идентитет, култура и јазик.



Средба со пратениците на германскиот Бундестаг оствари и генералната секретарка на Собранието, Марина Димовска, на која беше потенцирана соработката на заеднички проекти и можностите за соработка меѓу двата парламента во наредниот период.

www.sobranie.mk

Потпретседателот на Собранието и претседател на Комисијата за европски прашања, Антонијо Милошоски, и заменик-претседателот на Комисијата, Игор Здравковски, учествуваа на Конференцијата на претседателите на комисиите за европски прашања — КОСАК, што се одржува од 3 до 5 јули 2025 година во Копенхаген, во рамките на данското претседателство со Советот на ЕУ. Милошоски во своето обраќање ја поздрави агендата на данското претседателство со Советот на ЕУ, и во тој контекст данската поддршка за проширувањето на Унијата со земјите од Западен Балкан. Конференцијата претставува важна можност за размена на мислења за клучните европски теми, за актуелната безбедносна состојба и за идните чекори во процесот на европската интеграција.





Потпретседателот на Собранието и претседател на Комисијата за европски прашања, Антонијо Милошоски, на 2 јули 2025 година оствари средба со Матеј Закоњшек, директор на Меѓународната организација Транспортна заедница и неговата заменичка, заменик-директорката, Љуба Силјаноска. На средбата Закоњшек ја нагласи основната цел на Транспортната заедница — интегрирање на земјите од Западен Балкан во заедничкиот транспортен пазар на Европската Унија. Транспортната заедница останува клучен фактор во координирањето на овие процеси и во обезбедувањето бенефити за сите граѓани и бизниси во регионот. Средба на претставници на Транспортната заедница оствариja и членови на собраниските комисии за европски прашања и за транспорт, дигитална трансформација, животна средина и просторно планирање.

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

На 14 јули 2025 година, амбасадорката на Кралството Данска во Република Северна Македонија, со седиште во Белград, Перниле Деилер Кардел, ги презентираше програмата и приоритетите на данското претседателство со Советот на ЕУ за периодот јули-декември 2025 година, пред членовите на Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) и на Комисијата за европски прашања (КЕП). На заедничката седница на НСЕИ и на КЕП, на која присуствуваа и претставници на извршната власт и на НВО, амбасадорката Деилер Кардел посочи на двата сета приоритети на данското Претседателство со ЕУ, и тоа: безбедност и проширување, како и конкурентност и зелена агенда. Таа истакна дека безбедноста на Европа е тесно поврзана со проширувањето, опфаќајќи го целиот регион на Западен Балкан, вклучително и нашата земја.





На 23 јули 2025 година претставници на Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (УНОПС) ги презентираа пред пратениците и вработените во собраниската Служба наодите од Проценката на приоритетните потреби од едукација за улогата на Собранието во процесот на интеграција во Европската Унија. Настанот, вклучително со активноста во врска со Проценката, беа организирани во рамките на проектот: „Поддршка на европската интеграција на Северна Македонија“, чија цел е да ја зајакне институционалната подготвеност и капацитетите на земјава за водење ефективни пристапни преговори и успешно управување со процесот на интеграција во ЕУ. Проектот на УНОПС е финансиран од Шведска, преку Агенцијата за меѓународна развојна соработка, од швајцарската Влада, преку Агенцијата за развој и соработка (и од Министерството за европски прашања).

Во рамки на програмата СИГМА заедничка инцијатива на Организацијата за европска соработка и развој и Европската Унија, на 10 и 11 јули 2025 година во Гевгелија се одржа дводневна работилница за Службата на Собранието, за воведување алатки и постапки за зајакнување на квалитетот на законодавството. Како резултат од сесиите беше изработен образец за спроведување на *ex ante* проценка на влијанието на предлог-законите поднесени од пратениците како овластени предлагачи.



## ПРЕДЛОГ ЗА ДОЛГОРОЧЕН БУЏЕТ НА ЕУ




Европската комисија го претстави својот предлог за долгорочен буџет на ЕУ за 2028 до 2034 година. Седумгодишната повеќегодишна финансиска рамка е поставена на вкупно речиси 2 трилиони евра, што претставува просечно 1,26% од бруто-националниот приход на ЕУ во текот на буџетскиот период.
Предлогот означува премин кон пофлексибилен буџет на ЕУ воден од политиките, овластувајќи ги земјите-членки да одговорат на итни приоритети, како што се социјалното и достапното домување со решенија приспособени на националните и регионалните потреби.
На 16 јули 2025 година, на презентацијата на новиот мултифункционален финансиски буџет, претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, истакна како новиот долгорочен буџет ќе помогне во решавањето на системските предизвици и го наведе домувањето како клучен пример. Националните и регионалните планови за партнерство овозможуваат постратешка распределба, што ги одразува европските приоритети на терен.
Предлогот за новиот буџет на ЕУ е голем чекор кон тоа нашето финансирање да биде поефикасно во поддршката на приоритетите на ЕУ, како што е домувањето. Истиот обединува неколку клучни фондови на ЕУ, особено најголемиот инструмент на Националните и регионалните планови за партнерство (НРП), во вредност од 865 милијарди евра. Социјалното и достапното домување ќе биде една од специфичните цели на Плановите, заедно со борбата против сиромаштијата и бездомништвото и поддршката на инвестициите во социјалната инфраструктура. Како дел од целокупниот НРП, предлогот воведува цел од 14% за социјални расходи.

https://housing.ec.europa.eu/news

## УСОГЛАСУВАЊЕ НА ETIAS РЕГУЛАТИВАТА НА ЕУ




На 18 јули 2025 година Комисијата предложи приспособување на надоместокот за добивање овластување за патување според Европскиот систем за информации и овластување за патување (ETIAS). Овластувањето за патување преку ETIAS е услов за влез за државјани на земји кои не се од ЕУ и кои патуваат во ЕУ, а кои се ослободени од виза. ETIAS е дел од новата ИТ архитектура на ЕУ, која има за цел да ја зајакне безбедноста во рамките на Унијата, а воедно да го олесни патувањето на државјаните на земјите кои не се од ЕУ.
Регулативата ETIAS, усвоена во 2018 година, утврди надоместок од 7 евра. Со новите технички карактеристики интегрирани во системот, надоместокот ќе се зголеми на 20 евра по апликација, со важност од три години. Дополнително ќе се усогласат трошоците за овластување за патување во ЕУ со слични програми за овластување за патување, како што се Електронското овластување за патување во Велика Британија (ЕТА) и Електронскиот систем за овластување за патување на САД (ESTA).
Приспособувањето на надоместокот во рок од два месеца ќе биде разгледан од Советот на ЕУ и Европскиот парламент (може да се обнови еднаш). Ќе стапи на сила веднаш штом ETIAS ќе биде оперативен, што се очекува во последниот квартал од 2026 година. Кандидатите кои се под 18 години или над 70 години во моментот на аплицирање се ослободени од оваа такса. Ослободени се и членовите на семејствата на граѓаните на ЕУ и членовите на семејствата на државјани кои не се членки на ЕУ и кои имаат право слободно да се движат низ Европската Унија.
Со оперативноста на ETIAS граѓаните од трети земји кои можат да патуваат во ЕУ без виза, ќе мора да пополнат онлајн апликација пред патувањето, со внесување лични информации во согласност со регулативата ETIAS. Апликацијата ќе биде обработена автоматски, а патникот ќе добие одлука во рок од неколку минути.

https://ec.europa.eu/commission

## ИЗМЕНИ НА GDPR РЕГУЛАТИВАТА НА ЕУ




Европскиот одбор за заштита на податоци (EDPB) и Европскиот супервизор за заштита на податоци (EDPS) на 9 јули 2025 година изнесоа заедничко мислење за Предлогот на Европската комисија за регулатива за изменување на одредени регулативи, вклучително и GDPR( ).
Предлогот има за цел да го измени членот 30 (5) од GDPR, обезбедувајќи отстапување од обврската за водење евиденција за операциите за обработка на податоци. Во моментов, ова отстапување се однесува само на претпријатија и организации под 250 вработени, освен во одредени случаи. Според Предлогот, отстапувањето би се однесувало на претпријатие или организација што вработува помалку од 750 лица, освен ако извршената операција на обработка веројатно нема да резултира со висок ризик за правата и слободите на поединците, во смисла на член 35 од GDPR.
Дополнително, Предлогот воведува дефиниција за МСП ( ) и SMC ( ) во член 4 од GDPR и го проширува опсегот на членовите 40 (1) и 42 (1) од GDPR на SMC, кои се однесуваат на кодекси на однесување и сертификација. Овие алатки во моментов се дизајнирани да им помогнат на претпријатијата и организациите да покажат усогласеност со GDPR, фокусирајќи се на специфичните потреби на МСП.
Во однос на организациите кои се предмет на отстапувањето EDPB и EDPS очекуваат дополнителни појаснувања за тоа зошто новиот праг на претпријатија или организации што вработуваат помалку од 750 лица би бил посоодветен според GDPR, отколку прагот од 500 вработени што првично се разгледуваше.
Новиот исклучок во член 30 (5) се однесува на „претпријатија што вработуваат помалку од 750 вработени“ без да се повикува на новововедените дефиниции за МСП и SMC, што вклучува и финансиски критериуми. За да се осигури дека исклучокот ќе им користи на МСП и SMC, заедничкото мислење на EDPB и EDPS препорачува да се повика на новововедените дефиниции за МСП и SMC.
EDPB и EDPS бараат да се разјасни во Предлогот дека терминот „организација“, кој спаѓа во опсегот на предложеното отстапување според член 30 (5) од GDPR, не ги вклучува јавните органи и тела.

https://www.edps.europa.eu

## ОБУКА ЗА ИСТРАЖИТЕЛИ И ОБВИНИТЕЛИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН



Од 1 до 4 јули 2025 година, во просториите на Академијата за европско право (ERA) во Трир, Германија, се одржа втората по ред обука за Заеднички истражни тимови (ЗИТ) во организација на Проектот за кривична правда на Западен Балкан (WBCJ). Обуката се реализираше во партнерство со Секретаријатот на ЗИТ. Мрежата и имаше за цел да ја зајакне практичната соработка меѓу обвинителите и истражителите од земјите од Западен Балкан во борбата против сериозен и организиран криминал. На настанот учествуваа 35 истражители и обвинители од Западен Балкан. Преку комбинација на теоретски предавања, интерактивни работилници, симулации и групни дискусии. Учесниците се здобија со продлабочени знаења за концептот, придобивките и правната рамка на функционирањето на Заедничките истражни тимови. Посебен акцент беше ставен на практичната примена на постојните механизми за поддршка од Eurojust - Европска агенција за соработка во кривичното право.
Во текот на обуката, учесниците работеа на реални сценарија и практични примери за подготовка, измена и спроведување договори за ЗИТ. Преку симулации на координирани состаноци, планирање операции и улоги што ја имитираат работата на координациски центар за време на заеднички акции, учесниците имаа можност да ги применат стекнатите знаења во контролирана средина и да разменат искуства со колеги од други земји. Оваа обука е уште еден конкретен чекор во заедничките напори за поефикасно справување со прекуграничниот криминал и зајакнување на довербата меѓу институциите од Западен Балкан и Европската Унија.

https://www.eurojust.europa.eu/news

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ВО ЕУ




На 8 јули, Европската комисија го презентираше шестиот годишен Извештај за владеење на правото, во кој се опфатени клучните случувања во сите земји членки и по вторпат, за четири земји кандидатки од Западен Балкан - Албанија, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Четирите земји беа вклучени поради нивниот најнапреден статус во преговорите, за да се стават на рамноправна основа со земјите-членки уште на почетокот.
Извештаите опфаќаат четири главни области: правосуден систем, рамка за борба против корупцијата, медиумски плурализам и медиумска слобода и контрола и рамнотежа. Годинава извештаите ги презентираа Хена Виркунен, извршен потпретседател на Европската комисија за технолошки суверенитет, безбедност и демократија, и Мајкл Мекграт, европски комесар за демократија, правда, владеење на правото и заштита на потрошувачите.
Во Извештајот за Северна Македонија се наведува дека мешањето и притисокот од другите државни гранки предизвикуваат сериозна загриженост во врска со независноста на судството. Покрај тоа, Европската комисија предупредува дека ограничените финансиски ресурси доделени на судството продолжуваат да влијаат на неговата финансиска автономија. Корупцијата останува значаен предизвик во повеќе сектори. Се забележува дека особено подложно на ситна корупција е јавното здравство, каде што се пријавени случаи на поткуп и злоупотреба, што влијае на квалитетот и достапноста на здравствените услуги. Финансиската независност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е подобрена. Собранието го спроведува новиот Деловник за работа, кој беше усвоен за подобрување на неговиот надзор и ефикасност. Остануваат предизвици во врска со парламентарните назначувања во независните институции, што покренува загриженост во врска со изборот врз основа на заслуги.

https://commission.europa.eu/

## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПОЧЕТОКОТ НА ДАНСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕУ



На 4 јули, годинава, под покровителство на данската кралица и данската Влада, беше организиран настан за одбележување на почетокот на данското претстдателство со Советот на ЕУ. На настанот, кој се одржа во Архус, на полуостровот Јитланд, присуствуваа членовите на Колеџот на комесари предводени од претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен.
За време на посетата премиерката, Мете Фредериксен и нејзината влада се сретнаа со Колеџот за да разменат мислења за политичките теми што ќе доминираат на агендата следните шест месеци. Претседателката фон дер Лајен и премиерката одржаа прес-конференција, на која ги истакнаа заедничките приоритети меѓу Комисијата и данското претседателство. Претседателката фон дер Лајен особено го пофали брзиот и фокусиран пристап на Данска, кој ветува дека ќе испорача резултати за ЕУ. Таа ја нагласи потребата да се продолжи напред во европската одбрана, конкурентноста, глобалните партнерства, миграцијата и поддршката на ЕУ за Украина. Во врска со трговијата, таа ја повтори надежта за постигнување договор со Соединетите Американски Држави, но инсистираше дека ЕУ се подготвува за сите сценарија.
Во врска со миграцијата, претседателката апелираше до данското претседателство да постигне напредок во предлогот за враќање, концептот за безбедна трета земја и безбедните земји на потекло.

https://ec.europa.eu

## 20 ГОДИНИ EUROPASS




На 1 јули годинава Генералниот директорат за комуникации - EUROPASS одбележува важна пресвртница: 20-годишнината од оваа иницијатива на ЕУ, која ги поддржува барателите на работа, работниците, учениците и волонтерите низ цела Европа да ги разберат и да ги претстават своите вештини и квалификации на транспарентен начин. Дополнително, пред 5 години, во 2020 година, новата платформа Еуропас беше лансирана како прва водечка акција спроведена во рамките на Европската агенда за вештини. На тој ден се одбележуваат не само суштинските достигнувања на Еуропас, туку и нејзината постојано растечка заедница, корисници и засегнати страни.
Еуропас ја потврдува својата посветеност да ги поддржи луѓето во преземањето на нивниот следен чекор со доверба и јасност. Денес, повеќе од 8,5 милиони регистрирани корисници имаат корист од бесплатната, повеќе јазична и безбедна платформа и нејзините дигитални алатки за нивните патувања во учењето и кариерата.
Вредната поддршка на Националните центри на Еуропас во речиси 40 земји членки и земји надвор од ЕУ, како и достапната платформа достапна на 31 јазик, гарантираат дека луѓето и инклузивноста остануваат во сржта на Еуропас. Во свет каде што вештините и доживотното учење се клучни за можностите,
Europass ќе продолжи да им овозможува на поединците да го реализираат својот целосен потенцијал. Со зајакнување на соработката со порталот EURES (EURopean Employment Services), Europass станува влезна точка за барателите на работа, кои сега беспрекорно имаат корист од услугите на обете платформи. Покрај тоа, Европските дигитални акредитиви за учење (EDC) и Европскиот модел на учење (ELM) го поедноставуваат признавањето на квалификациите, помагајќи им на луѓето да ги покажат своите вештини и да бидат прифатени преку границите.

https://commission.europa.eu

## ПРОЕКТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА БАТЕРИИ ЗА ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА



Европската комисија на 4 јули 2025 година, објави дека шест напредни проекти за производство на батериски ќелии за електрични возила ќе добијат вкупно 852 милиони евра грантови од Иновацискиот фонд, финансирани со приходи од Европскиот систем за тргување со емисии (EU ETS). Овие средства се дел од првиот повик за батерии, објавен во декември 2024 година, со цел да се поттикне развојот и инвестициите во европската индустрија за батерии.
Избраните проекти опфаќаат фабрики во Франција, Германија, Шведска и во Полска и ќе поддржат воведување одржливи и иновативни производствени технологии. Се очекува до 2030 година сите проекти да започнат со работа, со комбиниран производствен капацитет од околу 56 GWh батериски ќелии годишно.
Со оваа инвестиција, ЕУ директно го поддржува Индустрискиот акциски план за автомобилскиот сектор и Европскиот зелен договор, зајакнувајќи ја конкурентноста на европската индустрија и отворајќи нови работни места. Проектите се очекува да придонесат за намалување на околу 91 милион тони емисии на $CO_2$ еквивалент во текот на првите 10 години од нивното работење.

https://ec.europa.eu

## СПРАВУВАЊЕ СО МИГРАЦИЈАТА И ЕФИКАСНА КОНТРОЛА



За време на своето претседателство, Данска ќе даде приоритет на справувањето со нерегуларната миграција и обезбедувањето ефикасна контрола на надворешните граници на ЕУ. Претседателството ќе ги поддржи континуираните напори на Советот за идентификување нови и ефикасни пристапи за управување со нерегуларната миграција.

Претседателството, исто така, ќе продолжи со внатрешните работати во ЕУ, како и надворешни, за борба против сериозниот и транснационалниот организиран криминал, со акцент на борбата против криминалот поврзани со наркотици и други кривични дела извршени од организирани криминални мрежи.

Претседателството, исто така, ќе се фокусира на искористување на дигиталниот развој за подобрување на капацитетите за спроведување на законот во борбата против сериозниот криминал, а воедно ќе се справи со злоупотребата на новите технологии за криминални или штетни цели.

Данското претседателство има за цел да ја зајакне внатрешната безбедност и отпорност на ЕУ, овозможувајќи ѝ на ЕУ подобро да одговори на сегашните и идните кризи, катастрофи и безбедносни закани.

https://home-affairs.ec.europa.eu

## НОВИ ПРАВИЛА ВО АВТОМОБИЛСКИОТ СЕКТОР ВО ЕУ



На 7 јули 2025 година, Комитетите за животна средина и внатрешен пазар на Европскиот парламент ги усвоија предлозите за нови правила со кои ќе се подобри одржливоста на целиот животен циклус на возилата, од дизајн до третман на возилата на крајот од нивниот работен век. Новата регулатива ќе важи за автомобили и комбиња една година по стапување во сила, а за автобуси, тешки товарни возила, приколки, мотоцикли и други возила – по пет години, со исклучоци за специјални и историски возила. Со новите правила, производителите ќе мора да дизајнираат возила така што компонентите и материјалите лесно ќе може да се отстранат, заменат, повторно употребат или рециклираат.

Се предвидува обврска за минимално користење на рециклирана пластика – најмалку 20% во секој нов модел за шест години, а 25% за десет години. Производителите ќе бидат одговорни и за собирање и третман на возилата што го достигнале крајот на нивниот животен век, со задолжителна безбедна демонтажа на опасни компоненти и материи. Ќе се зајакне и контролата на извозот на користени возила за да се спречи нелегален пласман на возила што се, всушност, отпад. Овој предлог е важен чекор кон целите на Европскиот зелен договор и акцискиот план за циркуларна економија и треба да биде изгласан на пленарна седница во септември.

https://www.europarl.europa.eu

## ШТО ПРАВАТ ЕВРОПЕЈЦИТЕ СО СТАРИТЕ УРЕДИ

Независно од тоа каков тип на уред имаат луѓето, нивниот главен избор за отстранување доколку повеќе не го користат е едноставно да го чуваат во своето домаќинство. Во 2024 година, повеќе од половина (51%) од лицата во ЕУ на возраст помеѓу 16 и 74 години го чувале својот стар мобилен телефон или паметен телефон во своето домаќинство, додека 18% го дале или продале уредот на некој друг. Само 11% одлучиле да го рециклираат, а 2% да го фрлат без рециклирање. Кога станува збор за лаптопи и таблети, 34% од луѓето одлучиле да ги чуваат дома, а 12% да ги подарат или продадат. Исто како и паметните телефони, 11% се одлучиле за рециклирање, а уште 1% за фрлање. Старите десктоп компјутери имале повисока стапка на рециклирање од претходно споменатите уреди, од 15%. Сепак, 19% од поединците сè уште претпочитале да го чуваат уредот дома. Уште 9% го дале или продале на некој друг, а 2% го фрлиле без рециклирање.

https://ec.europa.eu/eurostat




### ДОНЕСЕНИ ЗАКОНИ СО ЕВРОПСКО ЗНАМЕНЦЕ ВО ЈУЛИ 2025 ГОДИНА

*Закон за вработените во јавниот сектор

*Закон за административни службеници

*Закон за стручно усовршување и обука на административните службеници

### *ЕУ КАЛЕНДАР / септември 2025*

1. *Состанок на министрите за европски прашања, 1 и 2/9/2025, Брисел;*
2. *Состанок на Советот за општи работи, 16/9/2025, Брисел;*
3. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, од 8-11/9/2025, Стразбург.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: „11 Октомври“ бр.10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локали 414 и 277
Е-пошта: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот" во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации што се поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




